ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 21-59/4**

**Дата: 12.01.2012**

**ДО**
**ЈАВНА УСТАНОВА „МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР" - СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната установа „Младински културен центар" - Скопје (во натамошниот текст ЈУ „МКЦ" ) на сметката на буџет на самофинансирачки активности (787-10), за 2010 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Ревизијата изрази позитивно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија, а за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизија изрази негативно мислење.

Со ревизијата е констатирано дека се остварени приходи од закупнини врз основа на незаконски склучени договори за издавање на простор под закуп, признаени се расходи за гориво со непостоење на уредна и веродостојна документација и отсуство на политики за материјална одговорност преку задолжување и раздолжување на лицата кои ги користат возилата, исплатени се надоместоци за авторски хонорари без пропишни критериуми за избор и за висина на хонорарите, вршени се исплати за привремени вработувања на несоодветен начин и утврдени се слабости во постапките за јавни набавки на материјали и услуги.

Со цел подобрување на состојбата ревизијата препорачува раскинување на сите договори, а склучувањето на нови договори да се врши во постапка со јавно наддавање, да се донесат процедури за благајничкото работење со бонови за гориво, да се донесе акт/правилник во кој ќе бидат пропишани критериуми за избор и за утврдување на висината на надоместоците на надворешни лица кои се ангажираат во Установата, и јавните набавки на материјали и услуги да се вршат согласно утврдените постапки со Законот за јавни набавки.

---

| Ревизорски тим: | Овластен државен ревизор |
|---|---|
| 1.________________ | |
| 2.________________ | ______________________ |

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 8 до 10 заедно со ревизија на усогласеност на ЈУ „МКЦ“- Скопје на сметката на буџет на самофинансирачки активности за 2010 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2010 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на ЈУ „МКЦ“- Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Борис Момироски, директор до 26.01.2010 година, и
- Златко Стевковски, вд директор од 26.01.2010 година до 30.06.2010 година, од кога е именуван за директор.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ЈУ „МКЦ“- Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 19.10.2011 до 24.10.2011 година кај ЈУ „МКЦ“- Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 11.11.2011 година.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 21-147/6 од 02.12.2011 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 3.1. Финансиски извештаи

**Биланс на приходи и расходи**

3.1.1. Во 2010 година остварени се приходи во вкупен износ од 3.240 илјади денари по основ на закупнини, за кои се склучени договори во постапки и на начин кои не се во согласност со законските и под законските акти, и тоа:

- договорите за закуп се склучени на нетранспарентен начин со непосредна спогодба, а не во постапка со јавно наддавање што ја спроведува Министерството за култура, што не е во согласност со член 48 и член 49 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, и
- два договори се склучени пред 2005 година со анекси на истите во 2009 година, а седум договори се склучени во период од 2006 до 2010 година. Овие договори се однесуваат на закуп на простор во ЈУ „ МКЦ “, за кој се уште не се решени имотно - правните односи, односно Градот Скопје не ја завршил трансформацијата на сопственоста од централно на локално ниво, па Министерството за култура е единствено надлежен орган за издавање под закуп на просторот на ЈУ „ МКЦ “. Од овие причини и Министерството за култура во месец декември 2009 година доставило известување до ЈУ „МКЦ“ дека незаконски склучените договори за закуп во периодот по февруари 2005 година треба да се раскинат.

Претходно наведената состојба е утврдена и од страна на внатрешната ревизија на Град Скопје содржана во „Конечен извештај за извршената ревизија на материјално - финансиското работење за 2009 година во ЈУ „ Младински културен центар “- Скопје, но одговорното лице во ЈУ „МКЦ“ не постапило по известувањето од Министерството за култура, ниту по препораките од Град Скопје, односно не ги раскинало незаконски склучените договори за закуп, туку дел од нив се продолжени со анекси.
Ваквиот начин на постапување со имотот кој се дава во закуп создава можност за субјективен пристап при изборот на субјекти на кои ќе се даде имот во закуп, како и за ненаменско и незаконско користење на средствата.

**Препорака**

Одговорното лице при склучувањето на нови договори за закуп да спроведува постапка со јавно наддавање согласно законските прописи.

3.1.2. Во текот на 2010 година признаени се расходи за набавка на горива и масла во Билансот на приходи и расходи во износ од 326 илјади денари, без обезбедени потребни податоци кои ќе ја потврдат вистинитоста и точноста на настанатите расходи за користење на службените возила со кои располага ЈУ „МКЦ“ (место, датум, километража, корисник, одобрување и сл.). Со извршената ревизија на начинот на задолжување и раздолжување со средства за набавка на горива, начинот на располагање со службените возила и следење на потрошувачката на гориво, утврдени се состојби кои не се во согласност со член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, и тоа:

- не се пропишани и донесени политики и начела за начинот на одобрување и користење на службени или приватни возила;
- не се изготвува налог за користење на службените возила, како веродостоен и комплетно пополнет документ за поминати километри и релација;
- во сметководствената евиденција не се врши задолжување и раздолжување на лицата кои ги користат службените возила со „Верна картички“ за набавка на гориво;
- не се врши ажурно проверување и усогласување на поединечните сметки за набавено гориво содржани во доставените фактури, при што не може да се потврди точноста на износот што се признава како расход.

Во услови на отсуство на политики за материјална одговорност преку задолжување и раздолжување на лицата кои ги користат возилата, непостоење на уредна и веродостојна документација, како и непочитување на законските прописи, се овозможува прикажување на нереална и необјективна состојба во финансиските извештаи и ненаменско и незаконско користење на средствата.

**Препорака**

Одговорните лица да донесат процедури за благајничкото работење со бонови за гориво, односно да изготват сметководствени политики за задолжување на лицата со вредносни картички, со што ќе се овозможи следење и контрола на потрошувачката на гориво како и движењето и состојбата на средствата.

3.1.3. Наодот од точка 3.3.1. од Нацрт извештајот за сметката на основен буџет на Град Скопје, во врска со ангажирањето на надворешни лица по пат на склучување на авторски договори или на договори за дело, се однесува и на сметката на буџет од самофинансирачки активности. Овие лица извршуваат проектни активности за одредени манифестации (изработка на сценографии, преведување, изработка на маркетинг кампања, снимање и миксување на материјали), или по договори на дело со три лица ангажирани како хигиеничар, одржувач на парно греење, водење евиденција за внесување и изнесување на опрема од ЈУ „МКЦ“, за што од оваа сметка се исплатени надоместоци во вкупен износ од 2.003 илјади денари.

3.1.4. Во текот на 2010 година Установата ангажира надворешни лица преку две агенции за привремени вработувања, за што не е добиено од Министерството за финансии известување за обезбедени финансиски средства, а за кои се исплатени средства во износ од 2.517 илјади денари. Бројот на ангажираните лица е променлив и се движи од 11 до 20, од кои девет лица се ангажираат на работни места кои не се предвидени во актот за систематизација. Ваквата состојба не е во согласност член 51 од Законот за буџетите и Правилникот за систематизација на работните места и работите и работните задачи на вработените во ЈУ „МКЦ“.

Утврдената состојба предизвикува можност од необјективен пристап при одлучувањето за потреба од ангажирање на лица и ненаменско и незаконско користење на средствата.

**Препорака**

Надлежните органи на управување и раководење со Установата да спроведат соодветни постапки за задоволување на потребата од дополнителни вработувања во Установата во согласност со актот за организација и систематизација и за истите да обезбедат согласност од Министерство за финансии.

## 3.2. Користење на средствата согласно законските прописи

### Јавни набавки

3.2.1. Наодот од точка 3.4.3. од Нацрт извештајот за сметката на основен буџет на Град Скопје, во врска со исплати по фактури и испратници кои се со датум пред датумот на отворањето на понудите и потпишување на записникот од отворањето на понудите и пред датумот на склучување на договорот за јавна набавка, се однесува и на сметката на буџет од самофинансирачки активности. Од оваа сметка се исплатени 100 илјади денари за набавка на DLP проектор, DVD плеер и држач за проекторот.

3.2.2. Наодот од точка 3.4.4. од Нацрт извештајот за сметката на основен буџет на Град Скопје, во врска со несоодветно спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка, се однесува и на сметката на буџет од самофинансирачки активности. Од оваа сметка се исплатени 374 илјади денари за услуги за хотелско сместување.

3.2.3. Наодот од точка 3.4.5. од Нацрт извештајот за сметката на основен буџет на Град Скопје, во врска со неспроведени постапки за доделување на договор за јавна набавка, се однесува и на сметката на буџет од самофинансирачки активности. Од оваа сметка се исплатени 1.009 илјади денари за услуги за авиобилети, сервисирање на возило, опрема за компјутери, печатење на влезници, тонери, изработка на ЦД, електроматеријали, привремени вработувања и друго.

3.2.4. Наодот од точка 3.4.6. од Нацрт извештајот за сметката на основен буџет на Град Скопје, во врска со неспроведени постапки за доделување на договор за

јавна набавка во 2009 година, се однесува и на сметката на буџет од самофинансирачки активности. Од оваа сметка по тој основ се исплатени 192 илјади денари за сервисирање на врати и прозори и ПВЦ платно.

3.2.5. Наодот од точка 3.4.7. од Нацрт извештајот за сметката на основен буџет на Град Скопје, во врска со проширување на асортиманот, без да се спроведе дополнителна постапка со преговарање без претходно објавување на оглас, се однесува и на сметката на буџет од самофинансирачки активности. Од оваа сметка се исплатени 141 илјади денари за набавка на материјали и ситен инвентар.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЈУ „МКЦ“ - Скопје - сметка на буџет на самофинансирачки активности на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1. и 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ЈУ „МКЦ“- Скопје - сметката на буџет на самофинансирачки активности, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

## 5. Прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања

Во текот на ревизијата е спроведена корекција во Билансот на состојба на ден 31.12.2010 поради несоодветно евидентирани обврски за данок од добивка во износ од 39 илјади денари. Корекцијата е спроведена во налог за книжење бр.10-5 од 27.10.2011 година.

Скопје, 09.01.2012 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 13.935 | 10.252 |
| Трансфери и донации | 328 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **14.263** | **10.252** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 12.482 | 9.053 |
| Субвенции и трансфери | 700 | 767 |
| **Вкупно тековни расходи** | **13.182** | **9.820** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 448 | 285 |
| **Вкупно капитални расходи** | **448** | **285** |
| **Вкупно расходи** | **13.630** | **10.105** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **633** | **147** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | 22 | 37 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **611** | **110** |
| **Рапоредување на вишокот на приходи - добивката** | | |
| Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година | 611 | 110 |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | **611** | **110** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2010** | **2009** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 633 | 339 |
| Хартии од вредност | 0 | 3 |
| Побарувања | 3.477 | 2.587 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 3 | 0 |
| Побарувања од вработените | 6 | 10 |
| Побарувања од државата и други институции | 12 | 2 |
| Активни временски разграничувања | 2.079 | 1.377 |
| Залихи | 27 | 30 |
| **Вкупно тековни средства** | **6.237** | **4.348** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | **652** | **3.187** |
| **Вкупна актива** | **6.889** | **7.535** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 1.075 | 1.126 |
| Краткорочни финансиски обврски | 737 | 21 |
| Обврски спрема државата и други институции | 236 | 252 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.160 | 2.878 |
| **Вкупно тековни обврски** | **6.208** | **4.277** |
| **Долгорочни обврски** | **652** | **3.187** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 29 | 71 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **29** | **71** |
| **Вкупна пасива** | **6.889** | **7.535** |

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2010 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2010 година** | **41** | **30** | **71** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **6** | **6** |
| По одлука на УО евидентирани влезници | - | 6 | 6 |
| **Намалување по основ на:** | **39** | **9** | **48** |
| Корекција од ревизија | 39 | - | 39 |
| По одлука на УО поништени стари влезници | - | 9 | 9 |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **2** | **27** | **29** |